# Welcome to preschool

A parents guide to starting preschool

# Добредојдовте во претшколската установа

Водич за родители за започнување на претшколско образование







NSW GOVERNMENT | Education Public Schools

MACEDONIAN



## Што ќе најдете во брошурата 'Добредојдовте во претшколската установа'

Брошурата *'Добредојдовте во претшколската установа' (Welcome to preschool)* е подготвена со цел да му помогне на вашето дете да го доживее учењето на претшколска возраст позитивно и среќно. Во неа ќе најдете практични совети од наставници и родители на деца на претшколска возраст за да ви помогнат вам и на вашето семејство полесно да го подготвите детето пред да тргне во претшколска установа. Брошурата исто така ќе ви потврди дека сте донеле правилна одлука да го испратите вашето дете во претшколска установа и ќе ви помогне да разберете колку тоа е вредно за развојот на вашето дете.

Ако имате било какви прашања или ако би сакале да ни дадете некои препораки, ве молиме испратете ни ги по електорнска пошта на **parents@det.nsw.edu.au**


| | |
|---|---|
| **Облека во претшколска установа** | **3** |
| **Подготвување** | **3** |
| **Храна во претшколската установа** | **4** |
| **Каква облека треба да носи моето дете?** | **5** |
| **Учење за мали деца** | **5** |
| **Како да го поддржувате вашето дете во учењето** | **6** |
| **Подготвување за големото училиште** | **6** |
| **Кога вашето дете е болно** | **7** |
| **Вошки** | **7** |
| **Корисни Интернет страни** | **8** |


## Одење во претшколска установа

Идејата за претшколско образование може да биде малку заплашувачка за многу родители. Можете да чувствувате дека вашето малечко дете пребрзо расте. Не грижете се! Времето што вашето дете ќе го помине во претшколската установа ќе биде исполнето со многу забава со деца на негова возраст. Претшколското образование помага да се развие и прошири начинот на кој вашето дете го доживува образованието, формирајќи го детето во ученик со самодоверба, подготвеност и ентузијазам кој со нетрпение ќе очекува да започне да оди во големото училиште.

## Подготвување

### Дали се запознавте со наставникот во претшколската установа?

Наставникот за претшколско образование е важна личност со која треба да се запознаете. Наставникот ќе може да ви каже што се случува во претшколската установа и да ви даде одговори на било какви прашања кои ќе му помогнат на вашето дете да се привикне.

Претшколската установа има различни правила и постапки со кои се промовираат здравјето, безбедноста и благосостојбата на сите деца, на пример, за пристигнување и заминување, храна и исхрана, развој и образование, како и за заштита од сонце.

**Совет:** Во претшколската установа ќе бараат од вас секој ден да се потпишувате во список за пристигнување и заминување или за секоја наставна програма. Ве молиме, не заборавајте да се потпишете во списокот, кој обично се наоѓа на влезот во претшколската установа.

### Список за проверка

Со еден поглед прегледајте го списокот на работите кои ќе му требаат

- торба
- кутија за ручек
- облека за пресоблекување, вклучувајќи чорапи и долна облека
- капа
- утринска или попладневна ужинка и пијалок.

Ако вашето дете посетува целодневна настава во претшколска установа, тоа исто така ќе треба да има:

- ручек
- чаршаф и/или ќебе за одмор.



### Алергии, болести и посебни потреби

Пред вашето дете да започне да посетува претшколска установа, важно е да ги известите во установата ако вашето дете има било какви алергии или болести или некои други посебни потреби. Со тоа установата ќе има време да организира било какви дополнителни услови за вашето дете.



**Практичен совет:** Пакувајте храна што знаете дека вашето дете ја сака и ќе ја јаде. Исто така, добра идеја е да му помогнете на вашето дете да научи како да ја одвиткува храната и да ја јаде самостојно.

### Нега при појава на алергии

Анафилаксата е сериозна и неочекувана алергиска реакција на одредени видови на храна, на пример, на кикиритки, ореви, лешници, бадеми, морски плодови или убоди од инсекти. Морате да го известите наставникот за претшколско образование ако вашето дете е алергично на некој вид на храна или ако е изложено на ризик да добие анафилакса. Во некои претшколски установи имаат правила да не се носи храна која содржи кикиритки, ореви, лешници или бадеми, распрашајте се за тоа кај наставникот.

## Храна во претшколската установа

Јадењето во претшколската установа претставува важен дел од дневната програма и ние промовираме здрави навики во исхраната. Нашиот персонал во претшколската установа исто така ќе му помогне на вашето дете за време на оброците со тоа што ќе го потсетува да ги мие рацете и ќе го поттикнува да изеде се и да не ја дели храната со други другарчиња.

Од вас ќе се бара да обезбедите здрава храна за претпладневна ужинка, ручек и можеби за попладневна ужинка. Зборувајте со наставникот за претшколско образование на вашето дете за да добиете идеи што да пакувате за вашето дете секој ден. Исто така можете да ги посетите нашите Интернет страни 'Здрави деца' (Healthy Kids) за да добиете повеќе идеи за ужинки и храна за ручек.
Отидете на: **www.healthykids.nsw.gov.au**











### Ставете налепници на сите работи!

Во претшколската установа има кутија за изгубени работи, меѓутоа да заштедите на време и нервоза, ве молиме, јасно означете ги сите работи на вашето дете, на пример, облеката, торбата и кутијата за ручек.

## Учење за мали деца

Работите што вашето дете ќе ги учи во претшколската установа ќе го надградуваат тоа што вие веќе сте го учеле дома. При играњето, вашето дете ќе ја користи неговата фантазија, ќе учи да има добри односи со другите деца, да планира и да слуша.

Нашите наставници во претшколската установа се целосно квалификувани во областа на претшколско образование. Наставните активности во кои вашето дете ќе учествува преку игра ќе бидат внимателно планирани од страна на наставникот и насочени од интересите на вашето дете.

## Каква облека треба да носи моето дете во претшколската установа?

Облекувајте го детето во удобна и практична облека што е безбедна и која децата лесно ќе можат самите да ја облекуваат или слекуваат, вклучувајќи практични обувки за играње и качување.

Од децата ќе се бара да носат капи за да можат да играат надвор. Поттикнувајте го вашето дете да се навикне да носи капа кога е надвор. Повеќето претшколски установи го применуваат правилото 'ако немаш капа, ќе играш во сенка'.

**Практичен совет:** Чувајте ја добрата облека за прилики кога излегувате на ручек/вечера или забави. Иако наставниците се трудат да избегнуваат децата да ја флекосуваат нивната облека, боењето и калта се дел од забавата и учењето.

### Претшколски активности за учење

- Слагалки и играње со коцки
- Боење и цртање, сечење и лепење
- Читање на книги и слушање приказни
- Зборување и слушање
- Маскирање и играње во домашно ќоше или детска минијатурна куќичка
- Слушање и свирење музика
- Танцување и драма
- Качување на справи, одржување на рамнотежа, трчање и скокање
- Користење на компјутери
- Играње со глина, пластелин, песок и вода

Преку овие наставни активности, вашето дете ќе испитува и експериментира и ќе развива способности да решава проблеми, да комуницира и да се социјализира. Тие исто така ќе му помогнат да стекне самопочитување, самодоверба и основа за формално учење.



## Како да го поддржувате вашето дете во учењето

Децата најдобро учат кога родителите и наставниците работат заедно. Вие го знаете вашето дете подобро од било кој друг, затоа ако му дадете на наставникот информации за неговите интереси, ќе можете да му помогнете да го разбере вашето дете

**Начини на кои можете да го поддржувате вашето дете кога посетува претшколска установа**

- Информирајте се за претшколската установа колку што можете повеќе, на пример, за секојдневните рутински активности и што треба вашето дете да носи со него во претшколската установа
- Вклучете се во претшколската установа на вашето дете, на пример, пријавете се доброволно како помошник
- Разговарајте со персоналот во претшколската установа за активностите кои можете да ги изведувате со вашето дете дома, на пример, да читате со вашето дете
- Разговарајте со персоналот како учи вашето дете
- Разговарајте со вашето дете секој ден за тоа што тој/таа правел/а во претшколската установа

**Добар почеток**

Појадок со хранлива вредност ќе му помогне на вашето дете да се подготви да го помине денот во претшколската установа најдобро што се може. Појадокот ќе му помогне да се концентрира и да има енергија да игра. Тој исто така ќе му помогне да стекне добри навики во јадењето за цел живот.

**Добар ноќен сон**

На децата им е потребен добар сон секоја ноќ за да можат да се соочуваат со авантурите и забавата во претшколската установа.

**Добриот сон ќе му помогне на вашето дете:**

- да обрнува внимание и да се концентрира
- да решава проблеми и да размислува за нови идеи
- да игра разумно и да ужива во денот.



## Подготвување за големото училиште

Претшколската установа што ја посетува вашето дете ќе ви помогне вам и на детето да се подготвите за поаѓање на училиште. Претшколските установи и училиштата често спроведуваат Програма за *премин кон училиштето (Transition to School)*, преку која ќе добиете практични информации и совети за првиот 'голем' ден на детето во Kindergarten (забавиште) и која ќе ви помогне да се запознаете со секојдневните рутински активности на училиштето и возбудливите работи кои школскиот живот им ги нуди на семејствата. Ако се вклучите во школувањето на вашето дете, тоа ќе му помогне да има успешен почеток во неговото понатамашно школување.

## Кога вашето дете е болно

Понекогаш вашето дете ќе се разболи. Ве молиме, телефонирајте во претшколската установа рано наутро ако вашето дете е болно.

Некои болести се заразни. За да се спрече пренесување на овие инфекции на други деца, ве молиме, посетете го вашиот доктор и чувајте го детето дома колку што тој ќе ви препорача.

**Некои вообичаени инфекции се:**

Варичела (овчи сипаници) – малку покачена температура, течење на носот и осип на кожата кој започнува со розеви испапчувања кои се развиваат во меурчиња и формираат красти

Мали сипаници – покачена температура, течење на носот, кашлање и воспалени црвени очи неколку дена, после што се јавува црвеникав осип на кожата во вид на точки кој започнува на лицето и се проширува надолу по телото и трае четири до седум дена

Коњуктивитис (воспаление на очите) – се чувствува јадеж на окото, тоа е зацрвенето и може да солзи. Очните капаци може да се залепат во текот на спиењето

Импетиго (школски рани) – мали црвени точки кои се развиваат во меури кои се полнат со гној и преминуваат во красти – обично на лицето, рацете или черепот

Тенија – мал сув белег на кожата окружен со розев прстен.

**Што да правите ако вашето дете е болно**

**Ако вашето дете ги има следните симптоми, тогаш најдобро ќе биде да се консултирате со вашиот доктор и да го задржите детето дома:**

- температура над 38°C
- повраќа или има течна столица
- сериозни симптоми на настинка или грип
- осип на кожата од непознати причини.

За повеќе информации во врска со заразни болести од кои може да заболи вашето дете, контактирајте ја службата NSW Health на: 9391 9000.

Отидете на: **www.health.nsw.gov.au**

## Вошки

Претшколската установа може да биде местото каде што првпат ќе имате искуство со вошки. Не се плашете ако се појави епидемија на вошки. Појавата на вошки може многу да ве вознемири, меѓутоа вошките за среќа нема да му наштетат на здравјето на вашето дете и тие не влијаат на личната хигиена на детето.

**Најдобрата работа што можете да ја направите е да помогнете да се контролира појавата на вошки со тоа што:**

- редовно ќе му ја проверувате косата на вашето дете
- ќе му ја врзувате долгата коса во реп или плетенки
- ќе чувате чешел со ситни запци во бањата и ќе ги поттикнувате членовите од вашето семејство да го користат кога ќе ја мијат косата
- секој ден ќе ја чешлате косата со бело средство за смекнување на коса користејќи чешел со ситни запци за да ги отстраните вошките и нивните јајца (гниди).